(https://www.brif.mk)

# ЗНМ и европските новинарски организации на средба во Владата

Македонија (https://www.brif.mk/category/makedonija/) | 05/06/2023 | 18:02



(https://www.brif.mk/wp-content/uploads/2023/06/fqdv.jpg)



Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ) денеска заедно со претставници на пет глобални новинарски и медиумски организации кои се во посета на земјава одржаа средба со премиерот Димитар Ковачевски. Средбата се одржа по барање на ЗНМ, а предмет на разговор беше потребата, Владата и новинарската фела, заедно да изнајдат механизам преку кој ќе се унапреди плурализмот во медиумското известување, но и да се подобри генерално медиумската содржина каде ќе преовладува јавниот, а не партиските интерес.

За оваа цел, претставниците на новинарските и медиумските организации ја истакнаа нужноста од креирање на фонд за поддршка на плурализмот во медиумите. Како што соопштија од ЗНМ, важно е да постои механизам кој ќе даде шанса на сите медиуми и новинари кои имаат идеи за квалитетни медиумски содржини да имаат пристап, на транспарентен и фер начин да бидат поддржани во своите напори со цел да го задоволат јавниот интерес.

Премиерот Ковачевски на средбата ги поздрави напорите на новинарските организации и изрази подготвеност да се отвори јавна дебата за барањата за креирање на фонд за поддршка на плурализмот во медиумите во земјава.

Освен ова, на состанокот се дискутираше за преземање на следни чекори кои би влијаеле на зголемување и заштита на слободата на изразување, мерките за поголема заштита на новинарите од напади, вербални и физички, посебно новинарките кои за време на вршење на својата работа се повеќе изложени на напади.

Во врска со транспарентноста на Владата, беа пренесени дел од пречките со кои локалните медиумски работници се соочуваат и беше уште еднаш побарано на секоја фотографија, видео и текст од владата и било која јавна институција да мора да биде јасно означена дека станува збор за владина содржина. Исто така и за ова барање, од страна на претставници на кабинетот, беше укажано дека постои подготвеност да се разговара за потенцијално техничко решение.

Во периодот од 5 до 7 јуни претставниците на новинарските и медиумските организации остваруваат средби претседателот на државата, претседателот на Владата, претседателот на Собранието, министерот на Министерството за информатичко општество и администрација, директорите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на јавниот сервис (МРТ), со амбасадорот на Делегацијата на Европската Унија, Амбасадата на САД, како и со група на новинари и уредници, членови на ЗНМ.

Овие состаноци се реализираат во рамки на „мисијата за проверка на факти“ која ја организира Здружението на новинари на Македонија. Во рамки на оваа мисија претставниците на ЗНМ и на „Европската федерација на новинари“, „Фри Прес Унлимитед“, „Меѓународниот институт за медиуми“, „Европскиот центар за слобода на печатот и медиумите“, и „Osservatorio Balcani e Caucaso Transeuropa“, остваруваат средби со важни чинители за медиумскиот сектор, а набргу ќе биде објавен и извештај со наоди и препораки.

Владата, европски, Знм, новинарски, организации, средба



## НАЈНОВИ ВЕСТИ

**Пет жртви при пад на Цесна во Полска (https://www.brif.mk/pet-zhrtvi-pri-pad-na-cesna-vo-polska/)**

**Нов лек за забавување на Алцхајмеровата болест (https://www.brif.mk/nov-lek-za-zabavuvane-na-alchajmerovata-bolest/)**

**Роналдо: Нема да се вратам во европскиот фудбал, вратата е целосно затворена (https://www.brif.mk/ronaldo-nema-da-se-vratam-vo-evropskiot-fudbal-vratata-e-celosno-zatvorena/)**

**Одлуката за спојување на концесиите за рудникот Иловица пред Владата, Бектеши ќе информира за натамошната постапка (https://www.brif.mk/odlukata-za-spojuvane-na-koncesiite-za-rudnikot-ilovica-pred-vladata-bekteshi-ke-informira-za-natamoshnata-postapka/)**

**На „Табановце“ и „Богородица“ за влез во државата се чека околу 45 минути (https://www.brif.mk/na-tabanovce-i-bogorodica-za-vlez-vo-drzhavata-se-cheka-okolu-45-minuti-2/)**

## НАЈНОВО ОД МАКЕДОНИЈА

**Одлуката за спојување на концесиите за рудникот Иловица пред Владата, Бектеши ќе информира за натамошната постапка (https://www.brif.mk/odlukata-za-spojuvane-na-koncesiite-za-rudnikot-ilovica-pred-vladata-bekteshi-ke-informira-za-natamoshnata-postapka/)**

**На „Табановце“ и „Богородица“ за влез во државата се чека околу 45 минути (https://www.brif.mk/na-tabanovce-i-bogorodica-za-vlez-vo-drzhavata-se-cheka-okolu-45-minuti-2/)**

**На „Табановце“ и „Богородица“ за влез во државата се чека околу 45 минути (https://www.brif.mk/na-tabanovce-i-bogorodica-za-vlez-vo-drzhavata-se-cheka-okolu-45-minuti/)**

**„Вајмарската тројка“ во Скопје со порака дека сега е време за исчекор кон ЕУ, опозицијата остана на ставот против уставни измени (https://www.brif.mk/vajmarskata-trojka-vo-skopje-so-poraka-deka-sega-e-vreme-za-ischekor-kon-eu-opozicijata-ostana-na-stavot-protiv-ustavni-izmeni/)**

**Температури над 40 степени и УВ индекс 10 (https://www.brif.mk/temperaturi-nad-40-stepeni-i-uv-indeks-10/)**

## НАЈЧИТАНИ ВЕСТИ

1. Се огласи стилистката на првата дама на Црна Гора: Единствените брадавици кои треба да ве интересираат се вашите (https://www.brif.mk/se-oglasi-stilistkata-na-prvata-dama-na-crna-gora-edinstvenite-bradavici-koi-treba-da-ve-interesiraat-se-vashite/)

2. Според најновиот извештај, овој автомобил најчесто се расипувал во Европа: Добро размислете пред да го купите (https://www.brif.mk/spored-najnoviot-izveshtaj-ovoj-avtomobil-najchesto-se-rasipuval-vo-evropa-dobro-razmislete-pred-da-go-kupite/)

3. (ВИДЕО) Девојчето кое мисли дека Новак Ѓоковиќ е татко ѝ (https://www.brif.mk/video-devojcheto-koe-misli-deka-novak-gokovik-e-tatko-%d1%9d/)

4. На вонредната седница вечерва Владата донесе нови одлуки (https://www.brif.mk/na-vonredna-sednica-vecherva-vladata-donese-novi-odluki/)

5. Алкараз за победата над Ѓоковиќ во финалето на Вимблдон: Да бидам искрен, тоа го направив за себе, а не за тениските поколенија (https://www.brif.mk/alkaraz-za-pobedata-nad-gokovik-vo-finaleto-na-vimbldon-da-bidam-iskren-toa-go-napraviv-za-sebe-a-ne-za-teniskite-pokolenija/)




(https://www.brif.mk/ads/alkaloid/)




(https://www.brif.mk/ads/unet-baner-sidebar/)

(https://www.brif.mk/ads/mia-baner/)

(https://www.brif.mk)

**За нас** ● **Импресум** ● **Маркетинг** ● **Услови за користење** ● **Контакт**

„Бриф" е интернет-медиум кој ве информира за настаните во Македонија и во светот навремено и проверено, преку текстови, фотографии, видео и аудио снимки.

© 2023 | БАБИНСКИ ДООЕЛ Скопје | Сите права се задржани.

(https://promedia.mk/)